Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-17/3
8.5.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда", финансиран од Европската Унија во рамки на ИПА III EIDHR-EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234, врз основа на Договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. 0307-65/1 од 25.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА 3/2025
за ангажирање на експерти за изработка на анализа

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR-– EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234) има потреба од **ангажирање на двајца експерти за изработка на анализа за административна социјална правда.**

2. Опис на активностите:
   - Разработка на детална методологија за анализа, базирана врз Методологијата за собирање податоци за административна социјална правда;
   - Анализа на одлуки на Управниот суд кои се однесуваат на социјални права, со цел идентификација на правни празнини, повторувачки практики и типични повреди на постапката;
   - Анализа на примената на Законот за општа управна постапка и Законот за управни спорови во конкретни предмети;
   - Преглед и анализа на меѓународни стандарди и пракса за административна социјална правда и нивна примена во домашниот контекст;
   - Изработка на заклучоци и препораки за унапредување на правната заштита на социјалните права во управните постапки.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 3/2025.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Временската рамка за спроведување на активностите е во период од мај до октомври 2025 година.

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраните експерти за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 3/2025.

5. Понудата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и искуство;
   - Минимум 3 примери на претходно изработени слични продукти; и
   - Финансиска понуда.

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

6. Изборот на експертите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понудите е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Образование	20
Искуство	50
Вкупно бодови	**70**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	30
Вкупно бодови	**30**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	70
Просечна оценка за финансиска евалуација	30
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

За ангажманот е предвиден финансиски надоместок. Плаќањето ќе биде извршено на две рати. Првата рата (50%) ќе биде исплатена по доставување на првичната верзија на анализата, а втората рата (50%) ќе биде исплатена по завршување на задачата и доставување на финална верзија на анализата.

8. Начин на доставување на понудата

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов е-маил: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **23.5.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на поканата и проектната задача, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **20.5.2025 година.**

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Весна Стефановска
Институт за човекови права